## Сентенца

**Работникот нема право на надомест на материјална штета на име изгубена заработувачка, што ја претрпел поради изрекување на мерка притвор, кога работниот однос му престанал по спроведена дисциплинска постапка заради сторени повреди на работните обврски согласно Законот за работните односи.**

## Образложение

Ревизијата е неоснована.

Неоснован е и наводот во ревизијата за погрешна примена на материјалното право.

Врз основа на утврдената фактичка состојба од страна на пониските судови по наоѓање на Врховниот суд на Република Македонија, правилно е применето материјалното право кога со меѓупресуда делумно е усвоено тужбеното барање на тужителот по однос на основот.

Согласно член 582 од Законот за кривичната постапка став 1 точка 1, право на надомест на штета му припаѓа и на лицето кое било во притвор, а не дошло до поведување на кривична постапка или постапката е запрена со правосилно решение или со правосилна пресуда е ослободено од обвинението или обвинението е одбиено.

По наоѓање на Врховниот суд на Република Македонија, правилно е стојалиштето на пониските судови кога утврдиле дека во целост се исполнети условите предвидени во член 582 од Законот за кривичната постапка став 1 точка 1, според кој, право на надомест на штета му припаѓа и на лицето кое било во притвор, а не дошло до поведување на кривична постапка или постапката е запрена со правосилно решение или со правосилна пресуда е ослободено од обвинението или обвинението е одбиено. Имено, овој член предвидува исплата на надомест на штета во случај на правосилно запрена постапка во која била изречена мерка притвор, па во оваа смисла правилно по однос на основот за барањето за исплата на надомест на нематријална штета за нарушена чест и углед на тужителот пониските судови утврдиле дека истиот има право поради што и тужбеното барање во овој дел го усвоиле, а ова согласно член 189 од Законот за облигационите односи.

По наоѓање на овој суд, правилно пониските судови го одбиле како неосновано тужбеното барање за материјална штета за изгубена заработувачка, утврдувајќи дека

до престанокот на работниот однос на тужителот дошло по спроведена дисциплинска постапка во која биле утврдени повреди предвидени во член 121 став 1 точка 5 и 6 и член 115 точка 1 и точка 16 од Законот за измени и дополнение на Законот за работните односи како и во член 61 од Општиот колективен договор. Оттука, овој суд наоѓа дека правилно е стојалиштето на пониските судови дека во постапката која што била водена за престанокот на работниот однос на тужителот биле земени во предвид околностите за веќе покрената кривична постапка против тужителот, меѓутоа правилно сметаат дека таа постапка е ирелевантна за одлучување во постапката за поништување на донесените одлуки бидејќи во овој случај се работи за утврдување на граѓанска одговорност. Исто така, во оваа смисла овој суд наоѓа дека, тужениот не е должен да му ја надомести материјалната штета што тужителот ја претрпел поради изрекување на мерката притвор на име загубена заработувачка бидејќи согласно член 141 од Законот за облигационите односи став 1, тој што ќе му причини штета на друг е должен да ја надомести доколку не ќе докаже дека штетата настаната без негова вина. Имајќи во предвид дека на тужителот му престанол работниот однос по спроведена дисциплинска постапка заради сторените повреди на работните обврски согласно Законот за работните односи, а не поради кривичната одговорност за што одговорност сноси самиот тужител, одлуките на пониските судови се правилни и законити.

Судот ги ценеше и останатите наводи во ревизијата но најде дека се без влијание за поинакво одлучување.

Предвид на погоре изнесеното следуваше ревизијата да се одбие како неоснована согласно член 384 од Законот за парничната постапка.

Пресуда на Врховниот суд на Република Македонија, Рев.бр.469/2008 од 12.03.2009 година.